Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства на Фудбалскиот клуб „Победа” Валандово за организација и реализација**

**на Меѓународен Мастер куп**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување на финансиски средства на Фудбалскиот клуб „Победа” Валандово за организација и реализација на Меѓународен Мастер куп, што Советот на Општина Валандово ја донесе на деветтата редовна седница, одржана на ден 29.04.2026 година.

Бр.09-592/12 Градоначалник
30.04.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/2024), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на деветтата редовна седница, одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на Фудбалскиот клуб „Победа” Валандово за организација и реализација на Меѓународен Мастер куп**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат финансиски средства на ФК „Победа“ Валандово во максимален износ до 300.000,00 денари, во зависност од направените трошоци и реалните потреби што ќе произлезат за организација и реализација на Меѓународниот Мастер куп, кој ќе се одржи во периодот од 22.05.2026 година – 24.05.2026 година во Валандово и Дојран, каде учество ќе земат младински категории на врвни европски фудбалски клубови.

**Член 2**

Средствата да се исплатат од програма АО-Совет на општина, подставка 463120–трансфери до спортски клубови, на сметка на Фудбалски клуб „Победа“ Валандово број 200001634535837 депонент Стопанска банка АД Скопје.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави фотокопија од документацијата за намената за која се искористени, годишен финансиски извештај за претходната година како и план и програма за тековната 2026 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-91/12 Совет на Општина Валандово
29.04.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на деветтата редовна седница, одржана на ден 29.04.2026 година.

Бр.09-592/13 Градоначалник
30.04.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 65 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24 /21, 174/21 и 241/24), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” 202/2024), член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на деветтата редовна седница, одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2025 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2025 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-91/13 Совет на Општина Валандово
29.04.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на деветтата редовна седница, одржана на ден 29.04.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-592/14 | Градоначалник |
| 30.04.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на деветтата редовна седница одржана на ден 29.04.2026 година по предлог на Градоначалникот, донесе

**О Д Л У К А**
**за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

**Член 1**

Општина Валандово распишува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово.

**Член 2**

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи.

**Член 3**

Јавниот повик е даден во прилог на оваа одлука.

**Член 4**

Постапката за избор на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Комунален сервис“ Валандово, ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Валандово.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-91/14 | Совет на Општина Валандово |
| 29.04.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член во Управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член во Управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на деветтата редовна седница, одржана на ден 29.04.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-592/15 | Градоначалник |
| 30.04.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 17- а став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19,

89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на деветтата редовна седница одржана на ден 29.04.2026 година по предлог на Градоначалникот, донесе

**О Д Л У К А**
**за распишување на Јавен повик за пројавување на интересза пријавување на кандидати за избор на член во Управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

**Член 1**

Општина Валандово распишува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член во управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово.

**Член 2**

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи.

**Член 3**

Јавниот повик е даден во прилог на оваа одлука.

**Член 4**

Постапката за избор на членови во управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Валандово.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-91/15 | Совет на Општина Валандово |
| 29.04.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за формирање на Комисија за селекција на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење и Управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за формирање на Комисија за селекција на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење и Управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на деветтата редовна седница, одржана на ден 29.04.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-592/16 | Градоначалник |
| 30.04.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на 17-а од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија„бр. 75/19,89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на деветтата редовна седница одржана на ден 29.04.2026 година

**О Д Л У К А**
**за формирање на Комисија за селекција на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење и Управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово**

**Член 1**

Советот на Општина Валандово формира Комисија за селекција за избор на членови на Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење и Управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово.

**Член 2**

За претседател и заменик претседател на Комисија за селекција на членови во Надзорниот одбор за вршење контрола на материјално-финансиското работење и Управен одбор на ЈП „Комунален сервис“ Валандово од редот на вработените во Општина Валандово се именуваат.

- Илија Матеев - претседател
- Анита Трајкова - заменик претседател

за член и заменик член на Комисијата за селекција вработени во организационата единица за управување со човечки ресурси се именуваат:

- Елена Фидански - член

- Александар Коцев- заменик член

за член и заменик член на Комисијата за селекција вработени во ЈП „Комунален сервис” Валандово се именуваат:

- Даниела Пандева- член
- Даниел Гошев- заменик член

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-91/16 Совет на Општина Валандово
29.04.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Решение за разрешување и именување на претставник на Министерство за социјална политика, демографија и млади за член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Калинка“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решение за разрешување и именување на претставник на Министерство за социјална политика, демографија и млади за член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Калинка“ Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на деветтата редовна седница, одржана на ден 29.04.2026 година.

Бр.09-592/17 Градоначалник
30.04.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 114 став 8 и 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 36 став 1 точка 5 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 28 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, а имајќи го во предвид Известување бр.02-36/9 поднесено од страна на Јасмина Давидовалиева како и Предлогот за член на управен одбор на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово – претставник на Министерството, Советот на Општина Валандово на деветтата редовна седница одржана на ден 29.03.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за разрешување и именување на претставник на Министерство за социјална политика, демографија и млади за член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Калинка“ Валандово**

1. Од член на Управен одбор на на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка“ Валандово – претставник на Министерство за социјална политика, демографија и млади, по нејзино барање, се разрешува:

- Јасминка Давидовалиева.

2. За претставник на Министерство за социјална политика, демографија и млади за член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка“ Валандово на Предлог на Министерот за социјална политика, демографија и млади се именува:

- Радмила Тушевска.

3. Ова Решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-91/17 Совет на Општина Валандово
29.04.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одобрување финансиска поддршка на КУД „МЛАДОСТ“ с.Јосифово за реализација на годишни програмски активности**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување финансиска поддршка на КУД „МЛАДОСТ“ с.Јосифово за реализација на годишни програмски активности, што Советот на Општина Валандово ја донесе на деветтата редовна седница, одржана на ден 29.04.2026 година.

Бр.09-592/18 Градоначалник
30.04.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Сл.Весник на РСМ" бр.202/24), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на деветтата редовна седница одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување финансиска поддршка на КУД „МЛАДОСТ“ с.Јосифово за реализација на годишни програмски активности**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во износ од 100.000,00 денари, на КУД „МЛАДОСТ“ с.Јосифово, Валандово за реализација на годишни програмските активности и настапи на патрони празници во повеќе населени места на подрачјето на Општина Валандово.

**Член 2**

Исплатата на средствата да се изврши од програма АО-Совет на општина, ставка 463 – трансфери до невладини организации, подставка 463190 - Останати трансфери до невладини организации, на сметка на КУД „МЛАДОСТ“ с.Јосифово ЕДБ 4003991100591, број на сметка 200000004651336, депонент Стопанска банка АД Скопје.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-91/18 | Совет на Општина Валандово |
| 29.04.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар „Полигон за обука на возачи“ на КП 562, 891 и 892 КО Раброво, Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за измена и дополнување на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар „Полигон за обука на возачи“ на КП 562, 891 и 892 КО Раброво, Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на деветтата редовна седница, одржана на ден 29.04.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-592/19 | Градоначалник |
| 30.04.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15, член 62 и член 67 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Сл.Весник на РСМ“ бр.202/2024 ), член 21 став 1 точка 43, член 45, член 47 став 1 и член и член 80 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на деветтата редовна седница, одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за измена и дополнување на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар „Полигон за обука на возачи“ на КП 562, 891 и 892 КО Раброво, Општина Валандово**

**Член 1**

Во Одлуката за давање на користење на недвижна ствар „Полигон за обука на возачи“ на КП 562, 891 и 892 КО Раброво, Општина Валандово бр.08-61/9 од 17.04.2025 година усвоена од Советот на Општина Валандово на четириесет и петтата редовна седница се врши следната измена:

- Во член 2 износот „5.000,00 денари” се заменува со текстот „8.000,00 денари”.

Останатите одредби од предметната Одлука остануваат непроменети.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-91/19 | Совет на Општина Валандово |
| 29.04.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање на времено одржување и користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Здружение на пензионери Валандово – ЛК Јосифово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање на времено одржување и користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Здружение на пензионери Валандово – ЛК Јосифово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на деветтата редовна седница, одржана на ден 29.04.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-592/20 | Градоначалник |
| 30.04.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024), член 3 став 2 и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.Весник на РМ" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и („Сл.Весник на РСМ" бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), член 21 став 1 точка 32, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на деветтата редовна седница, одржана на ден 29.04.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на времено одржување и користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Здружение на пензионери Валандово – ЛК Јосифово**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува давањето на времено одржување и користење на објект 3 - недвижен имот сопственост на Општина Валандово лоциран на КП бр.2062, запишан во Имотен лист 1242 КО Јосифово, на Здружение на пензионери Валандово – Локален клуб Јосифово, за реализација на социјални, културни, и спортски активности, за период од 3 (три) години.

**Член 2**

Здружението на пензионери Валандово – Локален клуб Јосифово, има обврска недвижниот имот од точка 1 на оваа одлука да го користи во својство на добар стопанственик, односно добар домаќин, да се грижи за истиот и секогаш да го става на располагање на сите членови на здружението кои имаат потреба од реализација на горенаведените активности и да ги подмират сите евентуално настанати трошоци од неговото користење.

**Член 3**

Општина Валандово го задржува правото да го одземе правото на користење и одржување на предметниот недвижен имот опишан во точка 1 на оваа Одлука доколку произлезе потреба од користење на објектот за сопствени потреби или биде покренета постапка за продажба на истиот.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Валандово да склучи Договор за времено одржување и користење на недвижен имот опишан во точка 1, каде детално ќе се уредат меѓусебните права и обврски, со цел успешно спроведување на одредбите од предметната одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-91/20 | Совет на Општина Валандово |
| 29.04.2026 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одобрување на финансиска поддршка за реализација на турнир во одбојка на Здружение за подобрување на квалитетот на животот во Месна заедница Пирава, с.Пирава, Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување на финансиска поддршка за реализација на турнир во одбојка на Здружение за подобрување на квалитетот на животот во Месна заедница Пирава, с.Пирава, Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на деветтата редовна седница, одржана на ден 29.04.2026 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-592/21 | Градоначалник |
| 30.04.2026 год. | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр.202/2024) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово Советот на Општина Валандово на деветтата редовна седница, одржана на ден 29.03.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиска поддршка за реализација на турнир во одбојка на Здружение за подобрување на квалитетот на животот во Месна заедница Пирава, с.Пирава, Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука, од Буџетот на Општина Валандово на Здружение за подобрување на квалитетот на животот во Месна заедница Пирава, с.Пирава, Валандово се одобруваат средства во износ од 50.000,00 денари за организација и реализација на

традиционалниот меморијален турнир во одбојка „Никола Тодоров” Пирава.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се трансферират од Буџетот на Општина Валандово, програма А0 Совет на Општина, ставка 463 – трансфери до невладини организации подставка 463 110 – трансфери до здружение на граѓани и фондации, на сметка на Здружението за подобрување на квалитетот на животот во МЕСНА ЗАЕДНИЦА ПИРАВА, с.Пирава, Валандово со ЕДБ 4003017503131.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, согласно член 1 од оваа Одлука, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-91/21 Совет на Општина Валандово
29.04.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024 ) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за одобрување финансиска помош за лекување во странство на Ника Роглева**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување финансиска помош за лекување во странство на Ника Роглева, што Советот на Општина Валандово ја донесе на деветтата редовна седница, одржана на ден 29.04.2026 година.

Бр.09-592/22 Градоначалник
30.04.2026 год. на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ” бр.202/2024) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на деветтата редовна седница, одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување финансиска помош за лекување во странство на Ника Роглева**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, се одобруваат средства во нето износ од 60.000,00 денари, финансиска помош на Општина Валандово наНика Роглева, за покривање на трошоци за лекување во странство.

**Член 2**

Исплатата на одобрените средства да се изврши од програма АО-Совет на општина, ставка 464 – разни трансфери подставка 464990 - други трансфери, на име Александар Роглев – родител на Ника Роглева, број на сметка 500800019687689 депонент Алта Банка АД Битола.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-91/22 Совет на Општина Валандово
28.04.2026 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---